Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 08 -2923/1
04 .11.2016 година

Врз основа на член 31 став (2) точка 2) од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на 03.11. 2016 година го донесе следното

# УПАТСТВО
## за средување и постапување на изборниот материјал кој се чува во магацинскиот простор на Државната изборна комисија во касарна Илинден заклучно со ноември 2016 година пред започнувањето на изборниот процес – декември 2016 година

**Член 1**

Со ова Упатство се регулира начинот на постапување при средувањето на изборениот материјал кој се чува во магацинскиот простор на Државната изборна комисија во касарна Илинден пред почетокот на секој изборен процес.

**Член 2**

Под изборен материјал кој се чува во магацинскиот простор на Државната изборна комисија во касарна Илинден се подразбира :

**А) Изборен материјал од претходниот изборен процес за избор на пратеници и избор на претседател на Република Македонија :**

- Гласачки ливчиња (искористени и неискористени) запечатени во цврсти најлонски кеси обележени со број на избирачкото место,
- изводи и посебни изводи од Избирачкиот список на кој се гласало во претходниот изворен процес,
- дневници за работа на избирачките одбори од претходниот изборен процес,

**Б) Изборен материјал кој се користи за сите изборни процеси :**

- гласачки кутии,
- УВ ламби,
- УВ спрејови,
- Печати за секое избирачко место,
- Перничиња за печати и отпрчатоци од прст

**В) Потрошен материјал кој не е употреблив :**

- неисправни УВ ламби,
- УВ спрејови со поминат рок на важност,
- стари батерии,

- скршени ленири,
- стари уверенија за посети на обуки и др.

## СРЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ ПРЕД ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

**Член 3**

Изборниот материјал од претходниот изборен процес наведен во член 2 под точка А) од ова Упатство не се отвара и во идентична состојба во која се наоѓал се пренесува во посебна просторија.

Вратата на просторијата од став 1) на овој член се затвара и се запечатува со сигурносна лента од страна на комисија формирана со Одлука на Државната изборна комисија.

За пренесувањето на изборниот материјал од претходниот изборен процес во посебна просторија и запечатувањето на вратата на истата со сигурносна лента комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија составува записник.

**Член 4**

Потрошниот материјал кој не е употреблив наведен во член 2 под точка В) од ова Упатство се сместува во посебна просторија.

## Средување на изборниот материјал кој се користи за сите изборни процеси наведен во член 2 точка Б) од ова Упатство

**Член 5**

Се проверува исправноста на сите гласачки кутии и истите се чистат.

**Член 6**

Се проверува исправноста секоја УВ ламба поединечно.

**Член 7**

Проверка на секој печат поединечно по општински изборни комисии на следниот начин:

- За секоја Општинска изборна комисија на посебен лист хартија се става отисок од печатот и се проверува неговата исправност и читливост,
- Се споредуваат броевите од оставените отисоци од печатите со броевите на избирачките места на соодветната ОИК,
- Записнички се констатира дали се сите на број и дали се исправни.

Во случај на некој недостаток веднаш писмено се известува Државната изборна комисија.

## Изготвување на комплети за гласање

**Член 8**

Под комплет за гласање се подразбира :

- Гласачка кутија,
- 2 УВ ламби,

- 2 туби со УВ спреј,
- Перниче за отпечаток од прст,
- 3 паравани за гласање од кои 2 стандардни и еден за хендикепирани лица.
- 20 сигурносни ленти за запечатување,
- Беџови за членови на избирачки одбори,
- Хемиски пенкала,
- Маркери,
- Селотејп лента,
- Налепници за гласачка кутија со број на гласачко место,
- 2 големи пластични вреќи за пакување на гласачки материјал,
- 6 пластични сигурносни плика за пакување на гласачки материјал,
- Пластичен ленир,
- 2 компелти батерии за УВ ламби,
- Ознака за гласачко место,
- Повеќејазично упатство за начинот на гласање,
- Ознаки за забрането носење на оружје, забрането фотографирање и забрането пушење,
- Листи на кандидати

Комплетот за гласање се пакува во картонска кутија која се става во гласачката кутија и истата се запечатува со 2 сигурносни ленти.

**Член 9**

Гласачките кутии со комплетот за гласање се подредуваат и спремаат за транспорт согласно ОИК за кои се наменети.

Истите се транспортираат до ОИК сукцесивно, а најдоцна 5 дена пред денот на изборите.

**Член 10**

Печатите за избирачките места не се доставуваат со комлетот за гласање, туку 3 дена пред денот на одржувањето на изборите заедно со гласачките ливчиња, изводите од избирачкиот список и обрасците.

## ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ ОД МАГАЦИНСКИОТ ПРОСТОР

**Член 11**

Право на влез во магацинскиот простор имаат членовите на комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија или најмалку 3 членови од истата комисија, како и помошното тело во присуство на комисијата.

Клучеви од вратите на магацинскиот простор задолжува комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија и генералниот секретар на Државната изборна комисија.

Право на влез во магацинскиот простор имаат и претседателот, потпретседателот и членовите на Државната изборна комисија и генералниот секретар на Државната изборна комисија со Одлука донесена од Државната изборна комисија.

За секој влез во магацинскиот простор комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија води евиденција кој и кога влегол.

Пред секое влегување комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија е должна да го провери бројот на сигурносната лента со која е запечатен влезот во магацинскиот простор претходно

Пред да се напушти магацинскиот простор комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија е должна да ја запечати влезната врата со сигурносна лента, да го запише бројот на сигурносната лента и да го чува на сигурно место.

**Член 12**

По конечното завршување на работите комисијата формирана со Одлука на Државната изборна комисија му ги предава клучевите од магацинскиот простор на генералниот секретар на Државната изборна комисија кои се чуваат во соодветна просторија на Државната изборна комисија.

**Член 13**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Александар Чичаковски